ПРЕЗЕНТАЦИЈА

# Активација на заедницата на психолози во рамки на Денови на Психологија

М-рРадмила Живановиќ, лиценциран психолог и гешталт психотерапевт,

Комора на психолози на Р.С.М, Психотерапика

Апстракт:

Во оваа презентација ќе бидат претставени актуелните трендови на психолошка акција на заедницата на психолози во рамки на Денови на психологија- Платформата за унапредување на менталното здравје на Комората на психолози, започнувајќи од почетоците во 2017 па сè до последното издание во 2022 год. Ќе се направи приказ на главните и водечки идеи и концепти на активација на заедницата на психолози и нивниот придонес кон артикулирање на дејноста и областа на делување на психолозите во нивните локални заедници и на ниво на држава.

Воедно, оваа презентација ќе се искористи со цел да се мапира следната тема која ќе биде водечка за Денови на психологија 2024та, и ќе ги запознае присутните и заинтересирани колеги со можностите за учество и поддршка.

Денови на психологија е платформа изградена од желбата и поривот на психолошката заедница преку користење на сопствените ресурси и можности, да придонесе кон отварање и адресирање на темите за ментално здравје и добросостојбата на индивидуаите и заедниците. На тој начин, ДП допринесува и кон намалување на стигмата на професијата и ги намалува табуата поврзани со поквалитетното живеење. Тука е да  ги промовира и поддржи сите локални и регионални заложби на психолозите со цел поголема видливост на нивната работа, децентрализација на влијанието, поврзување и вмрежување, како истручност,  оспособеноста и професионалност во преопознавање и третманот на прашањата на ментално здравје на индивидуите и заедниците.

*Клучни зборови: Денови на психологија, платформа на психолози, психолошка акција, ментално здравје, професионална грижа и придонес кон локалното население, активација на професионалната заедница.*